# ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИРАН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ НА АЛКАЛОИД

Политиката за интегриран менаџмент систем на Алкалоид има функционална вредност во рамките на вкупната политика, стратегија, контекстот на организацијата и корпоративните цели на Алкалоид, согласно позитивните прописи и нормативи на националното и меѓународното право, cGxP, и стандардите ISO 9001, ISO 14001, како и ISO 13485, ISO 45001, HACCP, FSSC 22000 и ISO 22716 (каде што е применливо).

Глобалните одговорности во областа на интегрираниот менаџмент систем (IMS) и посветеноста кон исполнување на применливите барања, се темелат на основните принципи на Политиката:

- **Почитување на барањата, информациите и задоволството на нашите корисници и вработените, преку адекватна комуникација при развојот, производството, контролата, складирањето, продажби и дистрибуција на квалитетни, ефикасни и безбедни производи и услуги, управувањето и грижата за животната средина, како и заложбата за безбедност и здравје при работа преку обезбедување безбедни и здрави услови за работа, со што заштитниот знак на АЛКАЛОИД е симбол за високото ниво на сигурност.**

- **Јасната визија, лидерството и посветеноста на врвното раководството на ИМС се покажува во примена на процесниот пристап во работењето, донесување одлуки врз основа на направените анализи за реализација на целите, елиминирање и намалување на опасности при управување со ризиците, обезбедување на континуитет во работењето, партнерски однос со испорачателите, учесниците во ланците на снабдување и дистрибуција, информирање, консултирање и вклучување на вработените и нивните преставници, сѐ со цел задоволство на корисниците, деловните партнери, вработените и акционерите, како и со подобрување на IMS на Алкалоид.**

- **Политиката за IMS и тежнеењето за постојано подобрување, овозможува поголема свесност и општествена одговорност на организацијата.**

- **Постојаната инспирација и стремеж за заштита и сочувување на најскапоцениот подарок на природата – ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ.**

Скопје, 14.02.2023 година

Генерален директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ